РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 01-283/1
19. 08. 2016 год.
СКОПЈЕ

a/a

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**СКОПЈЕ, МАРТ 2016 ГОДИНА**

1-120

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), членот 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

# ПРАВИЛНИК

## за систематизација на работите места на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува вкупниот број вработените административни службеници во Дирецијата за безбедност на класифицирани информации (во понатамошниот текст „Дирекција", распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови за извршување на работите и задачи на одделните работни места.

**Член 2**

Работите и задачите што се вршат во Дирекцијата се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

**Член 3**

Работите и задачите утврдени со овој Правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Дирекцијата.

**Член 4**

Табеларниот преглед на работните места во Дирекцијата кој содржи: реден број, шифра, звање и/или назив на работното место, како и бројот на извршители е даден во прилог 1 на овој Правилник и е негов составен дел.

## II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 5**

Со овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 49 (четириесет и девет ) работни места на административни (државни службеници), распоредени по организациони единици, од кои пополнети 35 работни места, а распоредени се на следниов начин.

| ниво | Систематизирни работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Б 02 | 3 | 1 |
| Б 03 | / | / |
| Б 04 | 12 | 5 |
| В 01 | 10 | 9 |
| В 02 | / | / |
| В 03 | / | / |
| В 04 | 12 | 8 |
| Г 01 | 10 | 10 |
| Г02 | / | / |
| Г 03 | / | / |
| Г 04 | 2 | 2 |

**Член 6**

Општите услови утврдени со Законот за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија;